Врз основа на член 50, ства 1, точка 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) донесувам

О Д Л У К А
за утврдување на потреба од работници за засновање на работен однос на неопределено работно време во општинската администрација на Општината Велес

Член 1

Општинската администрација на Општината Велес има потреба од работници за засновање на работен однос на неопределено работно време за работни места во:

- Секторот за правни и општи работи, јавни дејности, јавни набавки, информатичка технологија и поддршка на Градоначалникот-Одделение за правни и општи работи и месна самоуправа и тоа:

  1.Назив на работно место **–работник за давадање на податоци и информации, Ниво А2, ред. шифра УПР 04 05 А02 013**

  Број на извршители - 4(четири)

  2.Назив на работно место **–хигиеничар, ниво А3, шифра УПР 04 05 А03 004**
  Број на извршители- 3(три)

- За погоре наведните работни места обезбедени се средства за плати, надоместоци во Буџетот на општината Велес за 2018 година ставка: 401 Основни плати и персонален данок Програма ЕО и ставка 402 Придонеси за социјално осигурување Програма ЕО.

- Да се објави Јавен оглас за потребата на работници во два дневни весници.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Градоначалник
на Општината Велес
Аце Коцевски

Бр. 04-6337/1
13.12.2018год.
Велес

Изготвил: ___